ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

## СТРУЧНО - ИНФОРМАТИВЕН ЛИСТ НА ФФМ

БРОЈ 23 ДАТА 07.06.2017 ГОДИНА 35

ФУДБАЛОТ НА ПРВО МЕСТО
ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

# МАКФУДБАЛ

БРОЈ 23 ДАТА 07.06.2017 г.


## СОДРЖИНА


- ОДЛУКИ ОД УПРАВНИОТ ОДБОР НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ОДБОРОТ ЗА ИТНОСТ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД КОМИСИЈАТА ЗА НАТПРЕВАРИ НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД МЛАДИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ
- ОДЛУКИ ОД ДИСЦИПЛИНСКАТА КОМИСИЈА НА ФФМ

Управен одбор

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1019/2
17.05.2017 год

Врз основа на член 109, а вв со член 111 став 3 и 4 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 17.05.2017 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се потврдуваат одлуките донесени од Одборот за итност на ФФМ и тоа:

- Одлуки донесени на седницата одржана на ден 18.04.2017 година:

  - Одлука со деловоден број 0202- 835/2
  - Одлука со деловоден број 0202- 835/3
  - Одлука со деловоден број 0202- 835/4
  - Одлука со деловоден број 0202- 835/5

- Одлуки донесени на седницата одржана на ден 03.05.2017 година:

  - Одлука со деловоден број 0202-935/3
  - Одлука со деловоден број 0202-935/4
  - Одлука со деловоден број 0202-935/5
  - Одлука со деловоден број 0202-935/6

2. Се врши измена на одлука со деловоден број 0202- 935/2 донесена на ден 03.05.2017 година и тоа:

  - Во точка 2 од одлуката се менуваат алинеа 6, алинеа 7 и аленеа 8 како следи:
    -Финале куп/Петлиња 2002
    Место на одржување: Тренинг центар Петар Милошевски, ФФМ
    Време на одржување: 03.06.2017 година, 10,30 часот
    Врачување на пехар и медаљи: Марјан Стојковски - член на УО

    -Финале куп/Петлиња 2003
    Место на одржување: Тренинг центар Петар Милошевски, ФФМ
    Време на одржување: 01.06.2017 година, 17,30 часот
    Врачување на пехар и медаљи: Златко Талески- член на УО

    -Финале куп/Жени
    Место на одржување: Струмица
    Време на одржување: 31.05.2017 година, 17 часот
    Врачување на пехар и медаљи: Благој Истатов –
  - Во останатиот дел одлуката се потврдува не променета.

3. Одлуката стапува на сила со денот на донесување.

*Деловоден број 0202- 1019/2*

4. Одлуката да се објави во стручно-информативниот лист на ФФМ – Макфудал.

**Образложение**

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 17.05.2017 година ги разгледа одлуките донесени од Одборот за итност помеѓу две седници на Управниот одбор по што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**

Илчо Ѓорѓиоски

ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1019/3
17.05 2017 год.

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 17.05.2017 година ја донесе следната:

# ОДЛУКА

1. Се задолжуваат клубовите кои ќе изборат пласман во Првата (супер) и Втората лига во натпреварувањето за млади категории за сезоната која следи, да достават до надлежното тело за инфраструктура на ФФМ соодветна документација од која произлегува право за користење на игралиште кое ги исполнува критериумите пропишани во Правилникот за инфраструктура за млади категории.

2. Документацијата од точка 1 на оваа одлука треба да биде доставена до 20.06.2017 година ; надлежното тело за инфраструктура треба да се произнесе со извештај за исполнетоста на критериумите на инфраструктурниот објект до 30.06.2017 година.

3. Клубовите за кои ќе се утврди дека не обезбедиле соодветно игралиште со пропратна инфраструктура за натпреварување во Првата (супер) и Втората лига во натпреварувањето за млади категории, ќе се смета дека не се стекнале со право за учество и натпреварувањето со младите категории го продолжуваат во регионалните лиги во млади категории каде територијално припаѓаат.

4. Испразнетите места во Првата и Втората лига во млади категории настанати како резултат на неисполнување на т.1 и 2 на оваа одлука се пополнуваат редоследно со клубовите покрај спортските и финансиските ги исполнуваат и инфраструктурните критериуми , предмет на оваа одлука.

5. Во случај да ниеден редоследно рангиран клуб не ги исполнува бараните критериуми, пополнувањето се врши со заинтересирани клубови кои ги исполнуваат наведените услови.

6. Одлуката стапува на сила веднаш.

7. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

Деловоден број 0202-1019/3

Управен одбор

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Учесниците во натпреварувањето со млади категории во повеќе наврати приговараа до надлежните тела на ФФМ на несоодветните услови за натпреварување на определени игралишта кои клубовите ги користат за одигрување на натпревари во млади категории. Надлежното тело за инфраструктура направи анализа по ова прашање и ја презентираше на Управниот одбор на ФФМ.

Врз основа на направената анализа Управниот одбор утврди дека натпреварувањето во Првата и Втората лига во млади категории треба да подлежи на оцена на исполнување на инфраструктурниот критериум. Од презентираната анализа евидентно е дека несоодветните услови за натпреварување на определени игралишта произлегуваат од несоодветниот ангажман на раководствата на клубовите истите да се одстранат или да се побара игралиште кое со своите пропратни објекти ги исполнуваат минимум условите на едно вакво натпреварување.

Врз основа на погоренаведеното Управниот одбор донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1019/3

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1019/4
12.06.2017 год

Управен одбор

Врз основа на член 109 од Статутот на ФФМ, Управниот одбор на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 17.05.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се врши измена на член 59 од ДП на ФФМ и истиот гласи:

став 1

На клубовите од Прва и Втора МФЛ како и на клубовите кои со сениорските екипи се натпреваруваат во понизок ранг на натпреварување а со младите екипи учествуваат во Првата(супер) и Втората лига во млади категории на ФФМ, за неоправдано ненастапување со предвидените млади категории ќе им се изрече дисциплинска мерка:

- парична казна во висина од 250 до 1000 , за ненастапување на еден натпревар во зависност од степенот и категоријата во која се натпреваруваат младите екипи на клубот;

- одземање до 6 бода или одземање до 6 негативни бода од бодовното салдо на сениорската екипа за ненастапување на втор натпревар во зависност од степенот и категоријата во која се натпреваруваат младите екипи на клубот.

став 2

Наведените дисциплински мерки ќе се применуват и на клубови од Втора МФЛ или понизок ранг чии екипи во млади категории се натпреваруваат во понизок степен на натпреварување а за истото има пропишано обврска.

2. Одлуката стапува на сила веднаш а ќе се применува од 15.06.2017 година.
3. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Управниот одбор на ФФМ на седницата одржана на 17.05.2017 година,го разгледа прдлогот за измена на член 59 од ДП на ФФМ и со цел заштита и подигање на квалитетот на натпреварувањето во млади категории одлучи како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓоргиоски

Деловоден број 0202-1019/4

Одбор за итност

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА СКОПЈЕ
Бр. 0202-1105/2
30.05 2017 год.

Врз основа на член 110 став 3 и 111 од Статутот на ФФМ, Одборот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.05.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се усвојува предлогот на Комисијата за натпревари на ФФМ во врска со спроведување на член 50 став 2 и 3 од Пропозициите за натпреварување на Втора МФЛ за натпреварувачката 2016/17 година.

2. Предвидените бараж натпревари од член 50 став 2 од Пропозициите за натпреварување на Втора МФЛ нема да се организираат.

3. Првациите на третите лиги и осмопласираната екипа се стекнуваат со право на директен пласман во натпреварувањата во соодветната Втора МФЛ во натпреварувачката 2017/18 година.

4. Одлуката стапува на сила веднаш.

5.Одлуката да се даде на потврдување на првата наредна седница на УО на ФФМ.

6.Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Во врска со спроведување на член 50 став 2 од Пропозициите за натпреварување на Втора МФЛ односно "осмопласираната екипа на конечната табела на Втората фудбалска лига во натпреварувачката 2016/17 со првациите на петте трети лиги за натпреварувачката 2016/17-та година играат на неутрален терен по два бараж натпревари", Комисијата за натпревари му достави предлог на Одборот за итност бараж натпреварите за пополнување на Втора МФЛ предвидени во оваа одредба од Пропозициите за натпреварување на Втора МФЛ, да не се организираат.

Предлогот е засниван на фактот дека бројот на слободни места во двете новоформирани втори лиги е поголем од бројот на екипите кои би земале учество во бараж натпреварите за пополнување на Вторите МФЛ на начин на кој што е предвиден во оваа одредба.

Од тие причини Одборот за итност по разгледување на предлогот, донесе одлука како во диспозитивот.

Претседател,
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1105/2

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 0202-1105/3
30.05.2017 год.

Одбор за итност

Врз основа на член 110 став 3 и 111 од Статутот на ФФМ, Одборот за итност на Фудбалската Федерација на Македонија на седницата одржана на 30.05.2017 година ја донесе следната:

## ОДЛУКА

1. Се врши измена на став 1 на член 54 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ, на начин што по зборот „аматер" се додава запирка и зборовите „ правото на настап како аматер го стекнува " и истиот гласи:

член 54 став 1

Фудбалер регистриран како професионален фудбалер може повторно да се регистрира како аматер, правото на настап како аматер го стекнува по истекот на најмалку 30 (триесет) дена од датумот на неговиот последен натпревар на кој играл како професионален фудбалер.

2. Одлуката стапува на сила веднаш а ќе се применува од 15.06.2017 година.

3. Одлуката да се даде на потврдување на првата наредна седница на УО на ФФМ.

4. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Одборот за итност на ФФМ на седницата одржана на 30.05.2017 година, го разгледа предлогот за измена и дополнување на член 54 од Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери на ФФМ.

Доставениот предлог за измена и дополнување се однесува на појаснување на правото на настап на фудбалерите при реаматеризација.

По разгледување на предлогот, Одборот за итност донесе одлука како во диспозитивот.

**Претседател,**
Илчо Ѓорѓиоски

Деловоден број 0202-1105/3

## ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 0801-1054/4-1

Прва МФЛ: 2016 - 2017

Скопје: 25.05.2017 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 135 од Правилникот за натпревари на ФФМ, Комисија за натпревари на ФФМ на ден 25.05.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД - Ѓорче Петров,Скопје се казнува со автоматска парична казна од 100.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 200002504222317**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Комисија за натпревари на ФФМ врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 34 коло на Прва МФЛ 16/17 помеѓу, ФК ПОБЕДА АД - ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД, ја констатира следната фактичка состојба: Матеј Цветановски со ИД 101057 исклучен од игра за два жолти картони (прв во 26. мин, Неспортско однесување, а вториот во 31. мин, Недозволен старт).на натпреварот од 34 коло на Прва МФЛ помеѓу ФК Победа АД- ФК Македонија ЃП одигран на 21.05.2017 година во Прилеп.

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

**Доставено до:**

- ФК МАКЕДОНИЈА Ѓ.П 1932 АД -
- Ѓорче Петров,Скопје
- Сметководството на ФФМ
  Архивата на ФФМ

Комисија за натпревари на ФФМ

Заменик Претседател

Васко Дојчиновски с.р

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА
НА МАКЕДОНИЈА
СКОПЈЕ
Бр. 15 - 1068/2
30.05.2017 год.

Врз основа на член 117 од Правилникот за натпреварување на ФФМ а во врска со член 155 од Статутот на ФФМ постапувајќи по Барањето бр. 0302-1068/1 од 26.05.2017 година в.в со Барањето бр.0302-2071/1 од 27.12.2016 година за спроведување на одлука бр. 03-323 од 03.05.2010 година , Комисијата за натпревари на ФФМ, во состав: Васко Дојчиновски- зам.претседавач, Ачовски Дејан – член, Блажовски Драган – член, Фисник Хисени - член, на седницата одржана на ден 30.05.2017 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

1. Се одбива како неосновано Барањето бр. 0302-1068/1 од 26.05.2017 година в.в со Барањето бр.0302-2071/1 од 27.12.2016 година поднесено од правниот субјект Фудбалски клуб Победа Прилеп со ЕМБС 4016424 за спроведување на одлука донесена од Комесарот за натпревари на ФФМ бр. 03-323 од 03.05.2010 година.

2. Се утврдува дека Одлуката донесена од страна на Комесарот за натпревари на ФФМ бр. 03-323 од 03.05.2010 година со која точка 1: ФК Победа -Прилеп се суспендира од понатамошното натпреварување во првенствата на Република Македонија под раководство на ФФМ во периодот од 8(осум) години почнувајќи од натпреварувачката 2009/2010 година ; точка 2: Натпреварите кои екипата на ФК Победа –Прилеп ги одигра во првиот и вториот круг на натпревари од натпреварувачката 2009/2010 година остануваат со постигнатите резултати, додека во наредните натпревари (29,30 и 31 коло) фудбалскиот клуб кој треба да одигра натпревар со ФК Победа-Прилеп натпреварите ќе ги добива со службен резултат 3:0 а согласно член 60 точка 2 став 3 од Правилникот за натпревари на Фудбалската федерација на Македонија; точка 3:Добиените опомени и казнени мерки остануваат да важат се до крајот на првенството за фудбалерите и службените лица кои настапувале за суспендираната екипа и за екипите кои настапувале против суспендираната екипа а согласно член 25 став 2 од Пропозициите за натпреварување во првата лига во натпреварувачката 2009/2010 година; точка4: Одлуката да се достави на знаење и извршување и да се објави во службеното гласило на ФФМ „Макфудбал" , Е ЦЕЛОСНО СПРОВЕДЕНА И ИЗРЕЧЕНАТА МЕРКА ИСТЕКУВА НА КРАЈОТ ОД НАТПРЕВАРУВАЧКАТА 2016/17 ГОДИНА.

3. Фудбалскиот клуб Победа Прилеп кој се натпреварувал во Прва МФЛ во натпреварувачката 2009/2010 година може да пријави учество и да се вклучи во организираните натпреварувања од страна на ФФМ во сезоната 2017/18 , како што следи:

- со сениорска екипа во Општинска фудбалска лига при ОФС Прилеп;

- со екипи од млади категории во Регионалното натпреварување за млади категории каде територијално припаѓа, под услов да ги исполнува критериумите за натпреварување во млади категории.

4. Се задолжува ОФС Прилеп да ја извести Комисијата за натпревари на ФФМ за евентуалното вклучување на наведениот клуб во Општинска фудбалска лига при ОФС Прилеп, со цел известување на УЕФА и ФИФА за истото.

5. Одлуката да се објави во службениот лист на ФФМ „Макфудбал".

6. Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ со уплата на такса во висина од 12.000,00 (дванаесет илјади денари) на жиро сметка на ФФМ број 300000001599760 во Комерцијална банка АД Скопје.

**О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е**

Комисијата за натпревари на ФФМ на седницата одржана на 30.05.2017 година го разгледа Барањето поднесено од правниот субјект Фудбалски клуб Победа Прилеп со ЕМБС 4016424.

Комисијата констатира дека во прилог на барањето бр.0302-1068/1 од 26.05.2017 година, подносителот доставил копија од Барање бр.0302-2071/1 од 27.12.2016 година за спроведување на одлука бр. 03-323 од 03.05.2010 година; Допис со датум од 03.05.2017 година; Одлука бр. 03-323 од 03.05.2010 година донесена од Комесар за натпревари на ФФМ; Решение од ЦР на РМ за упис на промена на овластено лице со датум од 25.05.2017 година и Тековна состојба на субјектот со ЕМБС 4016424 со датум од 25.05.2017 година.

Подносителот повикувајќи се на одлуката бр. 03-323 од 03.05.2010 година донесена од Комесарот за натпревари на ФФМ смета дека од неа произлегува и бара директно вклучување на Фудбалскиот клуб Победа од Прилеп кој се натпреварувал во Прва МФЛ во натпреварувачката 2009/2010 година, во натпреварувањето во Прва МФЛ за сезона 2017/18 заради истекување на важноста на изречената мерка во оваа одлука.

Од доставената документација Комисијата утврди дека Комесарот за натпревари на ФФМ на 03.05.2010 година на Фудбалскиот клуб Победа од Прилеп кој се натпреварувал во Прва МФЛ во натпреварувачката 2009/2010 година врз основа на одлука донесена од страна на Дисциплинскиот комитет на ФИФА со бр. 090259 EXT MKD, донел одлука со која му изрекол суспендирање од понатамошното натпреварување во првенствата на Република Македонија под раководство на ФФМ во период од 8(осум) години почнувајќи од натпреварувачката 2009/2010 година. Оваа одлука претставува спроведување на Одлуката на ФИФА со која се проширува важноста на Одлуката на УЕФА за изречената мерка на клубот од територија која ја зафаќаат членките на УЕФА на севкупната територија која ја зафаќаат членките на ФИФА.

Комисијата констатира дека изречената мерка недвојбено значи дисквалификација од конкретното натпреварување и забрана за учество во било какво организирано натпреварување од страна на ФФМ на територија на Република Македонија и пошироко.

Комисијата утврди дека изречената мерка со која на клубот му се забранува да учествува во било какво организирано натпреварување во времетраење од 8(осум) години истекува на крајот на натпреварувачката 2016/17 година.

Врз основа на доставената документација и податоците на ФФМ Комисијата констатира дека наведената Одлука е во целост спроведена и дека клубот во изминатиот период не бил вклучен во ниедно натпреварување организирано од страна на ФФМ. И покрај тоа што Одлуката не содржи насоки за повторно вклучување на клубот во некое од организираните натпреварувања на ФФМ, клубот по истекот на изречената мерка има право во согласност со актите на ФФМ да пријави учество и да се натпреварува.

Барањето на подносителот за директно вклучување на клубот во највисокиот степен на натпревари во натпреварувачката 2017/18 , односно вклучување без претходно остварен спортски резултат – утврден пласман на табела за претходна сезона и исполнетост на останати критериуми за добивање на лиценца за натпреварување е спротивно не само на сите акти на ФФМ кои ја регулираат предметната материја туку и на Статутот на ФФМ кој во член 155 конкретно наведува како се обезбедува учество во повисок степен на натпреварување.

Комисијата утврди дека клубот може да почне со учество во организирано натпреварување во рамките на ФФМ и тоа може да го стори на начин што ќе го пријави своето учество за сезона 2017/18 во Општинската фудбалска лига во Прилеп каде се наоѓа и седиштето на клубот по претходно утврдување на исполнување на неопходните услови дадени во Правилникот за регистрација, статус и трансфер на фудбалери.

Комисија за натпревари на ФФМ

Зам.Претседавач,

Васко Дојчиновски

Да се достави до:
- Поднесувачот;
- ОФС Прилеп;
- Управен одбор на ФФМ;
- Макфудбал;

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 08-977/1-23

Младинска СУПЕР лига: 2016 - 2017

Скопје: 11.05.2017 Година

Врз основа на член 79 од Правилникот за натпреварување на ФФМ, а во врска со член 35 од Пропозиции за млади категории, Младинска комисија на ден 11.05.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар се казнува со автоматска парична казна од 30.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје**.
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Младинска комисија врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 19 коло на Младинска СУПЕР лига 16/17 помеѓу, ФК ПЕЛИСТЕР АД - КФГ ГОСТИВАР АД, ја констатира следната фактичка состојба:Јакупи Астрит со ИД број 102744, исключен од игра за два жолти картони (прв во 41. мин, Неспортско однесување, а вториот во 45. мин, Недозволен старт).

При ваква утврдена фактичка состојба Комисијата донесе одлука како во диспозитивот.

Доставено до:

- КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Младинска комисија

Претседател

Беќири Арѓент с.р

**Врз основа на член 57 и 59 од Дисциплински правилник на ФФМ, постапувајќи по пријава од Младинската комисија на ФФМ,Дисциплинската комисија на ФФМ на седницата одржана на ден 11.05.2017 година донесе:**

# ОДЛУКА

1. ФК ГОБЛЕН ЈУНИОР се казнува со автоматска парична казна од 200.00 евра во денарска противвредност на денот на уплатата.
2. Автоматската парична казна клубот е должен да ја уплати во рок од 10 (десет) дена од денот на одигрувањето на натпреварот на жиро-сметка **на ФФМ 300000001599760**
3. Одлуката е конечна и не подлежи на жалба.
4. Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ

## Образложение

Младинска комисија врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 15 коло на Регионална Помлада Пионерска лига 16/17 помеѓу, ФК ФУДБАЛСТАРС- ФК ГОБЛЕН ЈУНИОР, ја констатира следната фактичка состојба: Пмладата Пионерската екипа Ф.К.ГОБЛЕН Ј. поради недопатување и неодигрување на првенствен натпревар од 15 коло од Помладата Пионерска Регионална лига против екипата на Ф.К.Фудбалстарс закажан за ден 30.04.2017.

При ваква утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е одлука како во диспозитивот.

**ПОУКА**:Незадоволната страна има право на жалба до Комисијата за жалби на ФФМ во рок од 3(три)дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Молби и жалби со уплата на такса од 12.000,00 денари на ж.сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална банка АД Скопје.Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена

Доставено до:

- ФК Гоблен Ј.
- Сметководството на ФФМ
- Архивата на ФФМ

Дисциплинска комисија

Претседавач

Арбен Борова с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 08-977/1-10

Скопје: 11.05.2017 Година

Text Field

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Синани Рони играч на КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 11.05.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1 **Синани Рони со ИД 106643 играч на КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 27.04.2017 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија постапувајки по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 4 коло на КУП на РМ за Пионери 16/17 помеѓу: КФГ ГОСТИВАР АД - ФК РАБОТНИЧКИ АД одигран на ден 26.04.2017 Година на стадионот во Гостивар ја констатира следната фактичка состојба: Исклучен од игра за два жолти картони (прв во 44. мин, Недозволен старт, а вториот во 50. мин, Недозволен старт).

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:

- КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар
- ФФМ - МАКФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Дисциплинската комисија

Претседател

Борова Арбен с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 08-977/1-12

Скопје: 11.05.2017 Година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Цури Аљдин играч на ФК ШКУПИ- 1927 АД - Скопје врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 11.05.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1 **Цури Аљдин со ИД 119510 играч на ФК ШКУПИ- 1927 АД - Скопје се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 27.04.2017 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 4 коло на КУП на РМ за Помлади Пионери 16/17 помеѓу: ФК ШКУПИ- 1927 АД - ФК МЕТАЛУРГ АД одигран на ден 26.04.2017 Година на стадионот во Скопје ја констатира следната фактичка состојба: Исклучен од игра во 53. мин. Неспортско однесување (плукање, вулгарно однесување, спречување очигледна шанса за гол, навреда) .

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:

- ФК ШКУПИ- 1927 АД - Скопје
- ФФМ - МАКФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Борова Арбен с.р

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-977/1-14

Скопје: 11.05.2017 Година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Далчески Илија играч на ФК РАБОТНИЧКИ АД - Скопје врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 11.05.2017 година донесе:

## ОДЛУКА

1 **Далчески Илија со ИД 101134 играч на ФК РАБОТНИЧКИ АД - Скопје се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 05.05.2017 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 3 коло на КУП на РМ за Младинци 16/17 помеѓу: ФК МИЛАНО - ФК РАБОТНИЧКИ АД одигран на ден 04.05.2017 Година на стадионот во Куманово ја констатира следната фактичка состојба: Исклучен од игра за два жолти картони (прв во 51. мин, Недозволен старт, а вториот во 68. мин, Недозволен старт).

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:
- ФК РАБОТНИЧКИ АД - Скопје
- ФФМ - МАКФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Дисциплинската комисија

Претседател

Борова Арбен с.р

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Број: 08-977/1-16

Скопје: 11.05.2017 Година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Абдураими Енис играч на КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 11.05.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1 **Абдураими Енис со ИД 111457 играч на КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 04.05.2017 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАКФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 4 коло на КУП на РМ за Пионери 16/17 помеѓу: ФК РАБОТНИЧКИ АД - КФГ ГОСТИВАР АД одигран на ден 03.05.2017 Година на стадионот во Скопје ја констатира следната фактичка состојба: Исклучен од игра во 80+1. мин. Неспортско однесување (плукање, вулгарно однесување, спречување очигледна шанса за гол, навреда) .

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД - Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:

- КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар
- ФФМ - МАКФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

**ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Дисциплинската комисија

Претседател

Борова Арбен с.р

# ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Број: 08-977/1-24

Скопје: 11.05.2017 Година

Врз основа на член 121 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ, Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ против Јакупи Астрит играч на КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар врз основа на Член 35 од Дисциплинскиот правилник на ФФМ на седницата одржана на ден 11.05.2017 година донесе:

## ОДЛУКА

1 **Јакупи Астрит со ИД 102744 играч на КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар се казнува со дисциплинска мерка забрана на настап на 1 (еден) првенствени / куп натпревари.**

2 **Казната тече од 07.05.2017 Година.**

3 **Одлуката да се достави до засегнатите страни и да се објави во службеното гласило на ФФМ - МАК ФУДБАЛ.**

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Дисциплинската комисија постапувајќи по пријавата на Младинската комисија на ФФМ, врз основа на изјавите на службените лица дадени во записникот од 19 коло на Младинска СУПЕР лига 16/17 помеѓу: ФК ПЕЛИСТЕР АД - КФГ ГОСТИВАР АД одигран на ден 06.05.2017 Година на стадионот во Битола ја констатира следната фактичка состојба: Исклучен од игра за два жолти картони (прв во 41. мин, Неспортско однесување, а вториот во 45. мин, Недозволен старт).

При вака утврдена фактичка состојба и со примена на одредбите на Дисциплинскиот правилник на ФФМ донесена е Одлука како во диспозитивот.

ПОУКА: Незадоволната страна има право на жалба во рок од 3 (три) дена од денот на приемот на ова Одлука преку овој орган до Комисијата за Жалби на ФФМ со уплата на такса согласно одлука на УО на ФФМ на жиро сметка на ФФМ 300000001599760 Комерцијална Банка АД Скопје. Со жалбата задолжително се доставува доказ за извршена уплата на таксата.

Доставено до:
- КФГ ГОСТИВАР АД - Гостивар
- ФФМ - МАК ФУДБАЛ
- Архивата на ФФМ

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА

Дисциплинската комисија

Претседател

Борова Арбен с.р

Врз основа на член 20 и член 30 од Статутот на ФФМ, член 8 и член 67 став 2 од Правилникот за натпревари како и член 1 од Пропозициите за натпреварување во Трета лига СЕВЕР Комесарот за натпревари, на седницата одржана на ден 26 Мај 2017 година ги донесе следниве:

# ОДЛУКИ

1. Се регистрираат натпреварите од 22. коло на Трета лига СЕВЕР, одиграни на ден 24.05.2017. година со следните резултати:

| Реден број | ЕКИПА ДОМАЌИН | ЕКИПА ГОСТИН | РЕЗУЛТАТ |
|---|---|---|---|
| 1. | ИЛИНДЕН | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 7:0 |
| 2. | ССК НОВА | БЕСА | 7:2 |
| 3. | ФОРТУНА | СЛАВИЈА | 6:2 |
| 4. | ВОЛКОВО | ГОБЛЕН ЈУНИОР | 1:2 |
| 5. | ЛОКОМОТИВА | КАДИНО | 3:2 |
| 6. | МАЦАРИ | ПЕТРОВЕЦ | 2:0 |

Табела по одигрување на 22. коло

| Место | ЕКИПА | Коло | Победи | Нерешени | Порази | Постигнати голови | Примени голови | Гол разлика | Бодови | Забелешки |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | ЛОКОМОТИВА | 22 | 17 | 2 | 3 | 77 | 20 | 57 | 53 | |
| 2 | ГОБЛЕН ЈУНИОР | 22 | 17 | 2 | 3 | 88 | 24 | 64 | 53 | |
| 3 | ССК НОВА | 22 | 12 | 3 | 7 | 55 | 29 | 26 | 39 | |
| 4 | МАЏАРИ | 22 | 11 | 5 | 6 | 43 | 29 | 14 | 38 | |
| 5 | ВОЛКОВО | 22 | 9 | 4 | 9 | 38 | 39 | -1 | 31 | |
| 6 | ИЛИНДЕН | 22 | 9 | 3 | 10 | 48 | 53 | -5 | 30 | |
| 7 | ФОРТУНА | 22 | 9 | 0 | 13 | 42 | 46 | -4 | 27 | |
| 8 | КАДИНО | 22 | 8 | 3 | 11 | 36 | 43 | -7 | 27 | |
| 9 | БЕСА | 22 | 9 | 0 | 13 | 57 | 71 | -14 | 27 | |
| 10 | ПЕТРОВЕЦ | 22 | 8 | 2 | 12 | 34 | 45 | -11 | 26 | |
| 11 | ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ | 22 | 8 | 0 | 14 | 33 | 80 | -47 | 21 | -3 |
| 12 | СЛАВИЈА ПРЖИНО | 22 | 3 | 0 | 19 | 27 | 99 | -72 | 9 | |
| | Вкупно: | 252 | 114 | 24 | 114 | 578 | 578 | | | |

ТЛС
Игор Шарилов

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Општински фудбалски Сојуз-Скопје

## КОНЕЧНА ТАБЕЛА

| Клубови | Одиграни натпревари | Победени | Нерешени | Изгубени | Гол.Разлика | Бодови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1.Чаир А.М | 12 | 9 | 3 | 0 | 31-2 | 30 |
| 2.Њу Јорк | 12 | 9 | 2 | 1 | 36-17 | 29 |
| 3.Риниа 98 | 12 | 6 | 4 | 2 | 32-18 | 22 |
| 4.Шишево | 12 | 5 | 1 | 6 | 19-22 | 16 |
| 5.Напредок | 12 | 4 | 1 | 7 | 21-28 | 13 |
| 6.Братство | 12 | 3 | 1 | 8 | 11-28 | 10 |
| 7.Гоце Делчев | 12 | 0 | 0 | 12 | 4-42 | 0 |

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ-СКОПЈЕ
ФФМ
22

# Табела

NO IMAGE AVAILABLE

*Организација: (17) Општински Фудбалски Сојуз ГАЗИ БАБА*
*Натпреварување: (646036) Општинска фудбалска лига ГАЗИ БАБА 16/17 - 2016/2017*

| Поз. | Клуб | ОН | Поб | Н | Пор | ПОС | ПРИ | ГР | БОД |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | ФК БРАТСТВО ВЛАЗНИМИ | 10 | 8 | 2 | 0 | 43 | 9 | 34 | 26 |
| 2. | ФК РАШТАК | 10 | 7 | 3 | 0 | 34 | 17 | 17 | 24 |
| 3. | ФК ДОЛНО КОЊАРИ | 10 | 5 | 1 | 4 | 19 | 16 | 3 | 16 |
| 4. | ФК РЖАНИЧИНО | 10 | 3 | 1 | 6 | 20 | 33 | -13 | 10 |
| 5. | ФК СМИЉКОВЦИ 2011 | 10 | 2 | 1 | 7 | 15 | 37 | -22 | 7 |
| 6. | „ИНЦИКОВО„-с.Инциково | 10 | 1 | 0 | 9 | 19 | 38 | -19 | 3 |
| 7. | ФК НОВА КОЛОНИЈА | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 8. | ФК ТРУБАРЕВО | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |

ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНСКИ ФУДБАЛСКИ СОЈУЗ-ГАЗИ БАБА

Поз.: Позиција
ПОС: Постигнати голови
ОН: Одиграни натпревари
ПРИ: Примени голови
Поб: Победи
ГР: Гол разлика
Н: Нерешено
БОД: Бодови
Пор: Порази

# МАКФУДБАЛ

е стручно информативен лист на
ФУДБАЛСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
излегува секоја СРЕДА во неделата

**Адреса: ФУДБАЛСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

Булевар „АСНОМ" 66
ПОШТЕНСКИ ФАХ 84
1000 СКОПЈЕ

ЖИРО СМЕТКА 300000001599760 - Комерцијална банка АД Скопје
Даночен број: 4030992177382

Телефон: 02/3204-470, 02/3129-291; Телефакс: 02/3165-448

Веб страна: **www.ffm.com.mk**
Е -маил: **ffm@ffm.com.mk**